**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ И ПРЕМИНОТ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА, ОДНОСНО ОД ЕДНА НА ДРУГА ЕДИНИЦА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

Битола, 2018 година

**С О Д Р Ж И Н А**

ОПШТИ ОДРЕДБИ ........................................................ 3

СТРУКТУРА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ И ЕКТС ........................................................ 5

ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА И НАЦИОНАЛНА КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ........................................................ 7

НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ НИЗ СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ ........................................................ 7

МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТОТ ВО РАМКИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ........................................................ 13

ИНФОРМАТИВНИ ПАКЕТИ/ВОДИЧ ЗА СТУДИРАЊЕ И СОРАБОТКА ........................................................ 14

Евиденицијa и издавање исправи и документи (педагошка документација) ........................................................ 14

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ........................................................ 14

Врз основа на член 94 точка 23 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 82/2018) Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, на 164-та седница одржана на 21.09.2018 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ЕДИНСТВЕНИОТ КРЕДИТ ТРАНСФЕР СИСТЕМ И ПРЕМИНОТ ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА, ОДНОСНО ОД ЕДНА НА ДРУГА ЕДИНИЦА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### *Предмет на уредување*

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат единствените основи за организирање и реализација на студиските програми и режимот за студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

### *Цели на ЕКТС*

**Член 2**

„Кредит трансфер систем“ е заедничка процедура што се воспоставува според Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System) и претставува нумерички систем за квалитативно вреднување на работата на студентите што била вложена за стекнување знаења, вештини и компетенции што се предвидени со програмата за студирање, односно со конкретниот предмет во рамките на таа програма, ги опфаќа поените за совладување на предметот во целина, сите предмети во еден семестар, академската година и целокупното студирање и нивен пренос од една на друга високообразовна установа.

Европскиот кредит трансфер систем претставува систем на академско признавање на студиите заснован врз: информации за студиските програми и постигнувањата на студентот, меѓусебна доверба на единиците на Универзитетот, односно научните установи на Универзитетот, меѓусебно спогодување на партнерските установи на Универзитетот и другите установи во земјата и во странство и употребата на кредити (поени) како мерка за оптовареноста на студентот.

Со кредит трансфер системот се остварува:

- зголемена мобилност на студентот на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- прецизен увид во обемот на работата и изразување на оптовареноста на студентот во процесот на студирањето;

- развивање и функционирање на механизми за перманентно следење на напредокот на студентот според резултатите од учењето;
- објективност во оценувањето и признавање на резултатите од студирањето;
- остварување компатибилност на студиските програми на институционално, на национално и на меѓународно ниво;
- воспоставување меѓународна мобилност на студентот и остварување компатибилност на студиските програми на интернационално ниво, според принципите на Европскиот кредит трансфер систем - ЕКТС или Европски систем на пренос и акумулација на поени (англиски: European Credit Transfer and Accumulation System);
- непречено пренесување на постигањата на студентот од една во друга институција;
- зголемена индивидуализација на текот на студирањето и
- создавање основи за остварување на концептот за доживотно учење.

## *Примена на кредит трансфер системот*

**Член 3**

Кредит трансфер системот се применува во остварувањето на студиските и предметните програми за:

- прв циклус на академски студии (додипломски студии);
- втор циклус на академски студии (постдипломски студии);
- академски интегрирани студии од прв и втор циклус;
- трет циклус на академски студии (докторски студии);
- прв циклус на стручни студии;
- втор циклус на стручни студии;
- специјалистички студии од трет циклус.

## *Поим за кредит во ЕКТС*

**Член 4**

„Кредит“ е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работата која студентот во просек ја врши, односно оптоварувањето на студентот во кое се сметаат предавањата, семинарите, вежбите, другите облици на организирана студиска работа и самостојно учење со цел да ги постигне очекуваните резултати од процесот на учење. Кредитот му се доделува на студентот и се регистрира во неговото досие кога ќе ја исполни студиската обврска.

Кредитот претставува релативна нумеричка целобројна вредност, која се дефинира во предметните програми, со која се опишува квантитетот на работата на студентот во однос на вкупниот квантум на работа, потребен да се заврши една академска година на единицата на Универзитетот.

Бројот на кредити се утврдува за секоја предметна програма посебно.

Единиците на Универзитетот го утврдуваат бројот на кредити во студиските и во предметните програми.

**Член 5**

Еден кредит одговара на 25 часа работа, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува 1500 часа.

Првиот циклус на академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

Студиите од втор циклус на академски студии - постдипломските студии се организираат како студии кои траат една, односно две години и со нивното завршување се стекнуваат 60 односно 120 ЕКТС кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на додипломските и постдипломските академски студии изнесува најмалку 300 ЕКТС кредити.

Докторските студии траат најмалку три години и носат најмалку 180 ЕКТС кредити.

Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити.

Во рамките на првиот циклус на стручни студии можат да се реализираат и кратки стручни студиски програми со 60 до 120 ЕКТС кредити.

Стручни студии од втор циклус се организираат како студии кои траат една година и со нивното завршување се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Вкупниот број на кредити кои се стекнуваат на прв и на втор циклус стручни студии изнесува 240 ЕКТС кредити.

## СТРУКТУРА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ И ЕКТС

### *Структура на студиските програми*

**Член 6**

Студиските програми се вреднуваат со кредити по ЕКТС. Секоја година на студиската програма содржи 60 кредити.

Секој предмет од студиската програма се вреднува со одреден број на ЕКТС кредити.

Студиските програми во сите студиски години на додипломските, постдипломските и докторските студии треба да содржат задолжителни и изборни предмети, освен студиските програми за регулираните професии пропишани со Законот за високото образование, студиските програми за правните студии и студиските програми за основна обука на наставници во основното и средното образование.

Задолжителните предмети во студиската програма треба да бидат од соодветната област на единицата на Универзитетот, односно на внатрешната организациона единица (институт, катедра, оддел).

Изборните предмети студентите ги избираат од листата на изборни предмети на дадената студиска програма.

Изборните предмети сочинуваат најмалку 10% а најмногу 30% од бројот на ЕКТС кредити во студиската програма.

Збирот на ЕКТС кредитите на предметите кои се застапени на листата на изборни предмети на студиската програма е најмалку двојно поголем од бројот на ЕКТС кредити предвидени во наставната програма за изборните предмети.

Секој од предметите на листата на изборни предмети задолжително носи еднаков број на ЕКТС кредити.

Во листата на изборни предмети на наставната програма која се изведува на единицата на Универзитетот, можат да бидат вклучени и предмети кои се изведуваат на друга единица на Универзитетот.

Студиските програми на единиците на Универзитетот, во делот на задолжителните и изборните предмети можат да содржат и „прозорци за мобилност“, односно предмети чии активности може да се изведуваат и на англиски јазик.

Кога Универзитет изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, се применуваат прописите на високообразовната установа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Содржината на студиските програми подетално се регулира со Законот за високото образование, Правилникот за содржината на студиските програми кој го донесува Националниот совет за високо образование, правилниците за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв, втор односно трет циклус студии на Универзитетот, како и Елаборатот на студиската програма.

## *Начин на доделување кредити*

**Член 7**

Бројот на кредитите за предметите се утврдува врз основа на предавања, вежби, семинари, индивидуална настава и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната и уметничката област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и слично), консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработката на дипломска (магистерска, докторска) задача.

За начинот на доделување кредити за еден предмет е даден пример во Прилог 1 на овој Правилник.

Кредити може да се доделуваат и за различни видови студентски активности: извршена стручна практика, изработка или реализација на проект, настап на стручен собир, учество на зимски или летни школи и сл.

Активностите за кои ќе се доделуваат кредити ги утврдува единицата на Универзитетот.

Овие кредити се внесуваат во додаток на дипломата во делот на дополнителни информации за реализирани активности.

## *Единствен студентски календар*

**Член 8**

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Зимскиот семестар започнува на 1 октомври, а завршува на 14 февруари наредната година, а наставата трае од 1 октомври до 15 јануари наредната година. Активностите во семестарот траат 18 седмици (13 седмици настава + 2 колоквиумски седмици + 3 седмици испитен рок).

Летниот семестар започнува на 15 февруари и завршува на 30 септември, а наставата трае од 15 февруари до 31 мај. Активностите во семестарот траат 21 седмица (13 седмици настава + 2 колоквиумски седмици + 2 x 3 седмици испитни рокови во јуни и септември).

Распустот трае не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година во согласност со студентскиот календар.

Летните активности на Универзитетот (летни школи, летни универзитети, летни семинари и др.) траат во времето од 1 јули до 15 септември.

Завршните испити се одржуваат во испитни рокови, и тоа:

- февруарски;
- јунски и
- септемвриски.

Со одлука на Наставно-научниот/Наставничкиот совет во оправдани случаи и за определени категории, односно генерации студенти, можат да се организираат уште два испитни рока во текот на академската година.

**Член 9**

Осмата и петнаесетата недела од секој семестар се колоквиумски недели.

Распоредот за колоквиумските недели и термините за полагање на поединичните предметни програми, единиците на Универзитетот го објавуваат на веб страната на единицата пред почетокот на секој семестар.

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ ИНСТИТУЦИОНАЛНА И НАЦИОНАЛНА КОМПАТИБИЛНОСТ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

**Член 10**

Единиците на Универзитетот, при подготвувањето на студиските и предметните програми, треба да овозможат нивна институционална, национална и интернационална компатибилност, односно споредливост и препознатливост во европскиот високообразовен простор, како и создавање услови за премин на студентот од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот, односно научниот институт, како и услови за премин од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт во состав на Универзитетот, услови за премин на друга единица на Универзитетот, односно научен институт, надвор од Универзитетот, во случаите кога постојат единици, кои продуцираат ист или сличен профил на стручни кадри, како и услови за премин на студентот на универзитети во странство.

**Член 11**

Кредитите од ЕКТС им се доделуваат само на студенти кои успешно ќе ги реализираат сите активности предвидени со предметот. Не може да има делумно доделување на кредити.

## НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТОТ НИЗ СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

**Член 12**

Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените кредити.

**Член 13**

Студентот на прв циклус студии може да запише минимум 24 кредити, но не повеќе од 42 кредити во семестар.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 24.

Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема дипломирано може да ги запише кредитите од дипломската работа и во зимски и во летен семестар.

**Член 14**

Студентот на втор циклус студии може да запише минимум 24 кредити, но не повеќе од 42 кредити во семестар.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 24.

Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема магистрирано/специјализирано може да ги запише кредитите од магистерскиот/специјалистичкиот труд и во зимски и во летен семестар.

**Член 15**

Студентот на трет циклус студии може да запише и помал или поголем број кредити по семестар, но не помалку од 15 и не повеќе од 50 кредити во семестар, освен кога се работи за запишување на докторскиот труд.

Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 15.

Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема докторирано може да ги запише кредитите од докторскиот труд и во зимски и во летен семестар.

**Член 16**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на единицата на Униврзитетот најрано при запишувањето предмети од третиот семестар.

Почнувајќи од третиот семестар студентите можат паралелно да запишат предмети од друга студиска програма заради нејзино совладување со тоа што вкупниот број на кредити од двете студиски програми не смее да го надмине бројот 42 за прв и втор циклус, односно 50 за трет циклус студии во еден семестар. После успешното совладување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

**Член 17**

Студентот има право, во текот на студирањето, да запише предмети кои не се задолжителни за стекнување на определениот степен на стручна подготовка со студиската програма на која студентот е запишан со тоа што ќе се почитува одредбата за минимумот и максимумот на бројот на кредити кои можат да се запишат.

**Член 18**

Студентот кој запишува зимски семестар во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот, односно претходните зимски семестри.
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните зимски семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.
- Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот зимски семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните зимски семестри.

**Член 19**

Студентот кој запишува летен семестар во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) кои не ги положил заклучно со февруарскиот испитен рок од претходниот, односно претходните летни семестри.
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните летни семестри според студиската програма. При тоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети.
- Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот летен семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните летни семестри.

**Член 20**

Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет кој според студиската програма условува претходно полагање на предметот кој повторно се запишува, но полагањето на предметите треба да е редоследно.

**Член 21**

Евиденцијата на предмети кои се запишуваат, податоците дали се тоа повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школарината се врши преку пополнување пријавни листови од страна на студентите при запишувањето предмети.

Формата и содржината на пријавниот лист ја пропишува Ректорската управа.

Точноста на податоците во пријавниот лист со свој потпис ја потврдуваат координаторот и/или администраторот за ЕКТС за соодветната студиска програма.

**Член 22**

Плаќањето на надоместокот за партиципација и износот за школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити. Пресметката се врши на начин што надоместокот, односно износот за школарина се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.

Студентите (во квота со партиципација, квота со школарина и вонредните студенти) кои повторно запишуваат предмет, плаќаат 80 % од износот на партиципацијата/школарината за прв циклус, односно 50% од износот на школарината за втор циклус студии, во согласност со статусот на студентот.

**Член 23**

Одредбите од ова поглавје што се однесуваат на начинот на доделување кредити и напредувањето низ студиските програми соодветно ќе се применуваат и на студиските програми од вториот и третиот циклус на студии.

Поблиски одредби за активностите од став 1 на овој член ќе се уредат со одлука на Наставно-научен/Наставнички/Научен Совет на Единицата.

## *Вонредно студирање*

**Член 24**

За вонредните студенти може да се предвидат дополнителни активности, во смисла на организирање на кондензирана настава и изготвување дополнителни семинарски трудови, практична работа, домашни задачи итн., како компензација за часовите на настава и вежби од тековните семестри.

За вонредните студенти и редовните студенти кои повторно запишале предметна програма, може да се организира кондензирана настава.

Одлука за организирање кондензирана настава носи Наставно-научен/Наставнички/Научен Совет на Единицата.

## *Примена на системот за континуирано следење и оценување на успехот на студентите*

**Член 25**

Студентот во текот на студирањето, потребниот број кредити за соодветната програма го остварува преку континуирано или завршно оценување на сите активности предвидени со предметната програма.

При формирањето на завршната оценка, 80 поени од оценката произлегуваат од колоквиумите односно завршниот испит, а 20 поени од останатите активности.

Вкупниот број на поени изнесува 100.

Колоквиумот, односно завршното оценување се смета за позитивно, доколку студентот освои минимум 41 поен од вкупниот број поени предвидени за колоквиумот, односно за завршното оценување.

Испитот се смета за положен доколку студентот освои вкупно најмалку 51 поен од поените што произлегуваат од колоквиумите односно завршниот испит и/или поените од останатите активности.

**Член 26**

Останатите активности во рамките на предметната програма вклучуваат:

- посета на предавања и активност на предавањата;
- извршени консултации;
- успешно реализирани вежби (вклучувајќи и присуство и активност);
- успешно реализирана практична работа;
- изработка на семинарски труд;
- самостојна (домашна) работа;
- учење во библиотека;
- менторство на други студенти;
- изработени или реализирани проекти;

- освоени награди или пофалници;
- учество на семинари;
- учество на симпозиуми и
- други активности предвидени со предметната програма.

Предметниот наставник не смее да дава обврски на студентите надвор од предвидените активности.

Поблиски одредби за видот и начинот на вреднувањето на поодделните активности за сите наставни дисциплини се утврдуваат со акт на единицата, во согласност со овој Правилник.

**Член 27**

Предметната програма се реализира врз основа на однапред утврдена основна литература, којашто може да изнесува најмногу до 100 страни (5 авторски табаци) за еден час од неделниот фонд на часови на предавања, но не повеќе од 400 страни (20 авторски табаци) за една предметна програма.

**Член 28**

Студентите кредитите може да ги остварат преку реализација на предвидени активности за определен предмет за коишто се доделуваат определен број поени.

Преку оценување, вонредниот, како и редовниот студент, може да освои минимум 41 поен или максимум 80 поени. Останатите 20 поени до вкупниот број од најмногу 100 поени по определен предмет, вонредниот, како и редовниот студент, може да ги добие врз основа на други активности и резултати, и тоа:

- **прва група до 10 поени**:
  - присуство и активност на предавањата
  - присуство и активност на вежби
- **втора група до 10 поени**:
  - изработка на семинарски труд
  - самостојна (домашна) работа
  - изработени или реализирани проекти/програми
- **трета група до 10 поени**:
  - менторство на други студенти
  - освоени награди или пофалници
  - учество на семинари
  - учество на симпозиуми и
  - други активности предвидени со предметната програма.

По успешното положување на завршниот испит студентите ги добиваат кредитите определени за соодветниот предмет, а во зависност од освоените поени добиваат соодветна оценка за предметот.

**Член 29**

Редовните студенти се должни редовно да присуствуваат на настава и вежби.

Редовниот студент може да отсуствува од настава или вежби најмногу до трипати во текот на семестарот, а во спротивно нема право на полагање колоквиуми.

Доколку студентот не ги положи колоквиумите како начин на полагање на испитот, тогаш целата материја од предметната програма ја полага на завршниот испит.

**Член 30**

Во рамките на континуираното оценување студентот може да полага два колоквиуми. Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, истиот може да го полага уште еднаш на поправен колоквиум организиран надвор од термините за настава.

Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положил вториот колоквиум, истиот може да го полага само уште еднаш, и тоа во првиот нареден испитен рок. Доколку не го положи, полага завршен испит во наредните испитни рокови.

**Член 31**

За континуираното оценување, исто како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите се објавуваат на огласната табла и на веб страната на единицата на Универзитетот, најдоцна во рок од 10 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот. Објавените резултати содржат целосен опис на начинот на формирање на конечната оценка.

**Член 32**

Оценувањето на постигнатите резултати на студентот е квантитативно. Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех.

**Член 33**

Проверката на знаењето по одделни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник, а кој начин се вградува во студиската програма и се спроведуваат во роковите утврдени со Статутот на Универзитетот.

**Член 34**

По завршувањето на академските студии се издава диплома со која се потврдува завршувањето на студиите и стекнувањето на одреден академски назив.

По завршувањето на стручните студии се издава диплома со која се потврдува завршувањето на студиите и стекнувањето на одреден стручен назив.

Покрај дипломата за завршување на студиите, на студентот му се издаваат и уверенија од кои едно за завршен циклус на студии, а едно со оценки од наставните дисциплини и освоениот број кредити.

Како дополнување на дипломата се издава додаток на диплома.

**Член 35**

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на определена студиска програма без истата да ја комплетира, и за тоа може да добие уверение за положени испити и реализирани активности.

Во уверението се бележат предметните програми, реализираните активности, оценките и бројот на кредити што ги остварил студентот во текот на студирањето.

Уверението нема важност на диплома.

**Член 36**

За примена и следење на одредбите од овој Правилник, единицата на Универзитетот може да назначи координатор и/или администратор за ЕКТС на ниво на единица односно на ниво на внатрешна организациона единица што се регулира со општ акт на Единицата.

Со општиот акт на Единицата се определуваат и надлежностите, обврските и работите на лицата од став 1.

## МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТОТ ВО РАМКИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 37**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма во рамките на иста единица на Универзитетот, односно научен институт.

Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми ги определува единицата од претходниот став, во зависност од компатибилноста на студиските програми, а истовремено се склучува и договор со студентот.

**Член 38**

Студентот може да премине од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт.

Критериумите и условите за пренесување на кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми ги определуваат единиците на Универзитетот, во зависност од компатибилноста на студиските програми, а истовремено се склучува и договор со студентот.

### *Признавање и ослободување од испити при премин на студентот од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт*

**Член 39**

При премин од една на друга единица на Универзитетот, односно научен институт, студентот се ослободува од полагањето, односно од следењето настава по одделни предмети/испити, доколку единиците меѓу кои се врши преминот имаат склучено договор за меѓусебна соработка, или со дозвола од единицата на која се преминува, врз основа на претходен увид во содржините и бројот на кредитите за соодветните предмети/испити што студентот ги добил во единицата од којашто доаѓа.

**Член 40**

Студентот има право, во текот на студирањето, да запише нови предмети што не се задолжителни за стекнување на определен степен на стручна подготовка, како и да запише нови предмети на друга единица на Универзитетот.

Условите под кои се остварува правото од став 1 од овој член ги утврдува единицата на Универзитетот.

## ИНФОРМАТИВНИ ПАКЕТИ/ВОДИЧ ЗА СТУДИРАЊЕ И СОРАБОТКА

**Член 41**

Единицата на Универзитетот задолжително подготвува информативен пакет за ЕКТС, кој претставува водич за студирање и соработка.

Врз основа на информативните пакети на единиците од претходниот став, Универзитетот подготвува единствен информативен пакет за ЕКТС.

**Член 42**

Информативниот пакет задолжително ги содржи следниве елементи:

- вкупен опис на образовната понуда на единицата на Универзитетот (предметни програми, курсеви, насоки и сл.),
- вкупен опис на системот за оценување и полагање испити и
- вкупен опис на системот на кредити и на условите за напредување.

Содржината на информативниот пакет е дадена во Прилог 2 на овој Правилник.

**Член 43**

Единиците на Универзитетот се должни, заради обезбедување достапност до јавноста и ефикасност во информирањето на постојните и идните корисници на образовни услуги, да ги изработат информативните пакети и да ги дистрибуираат во пишана форма (публикации, прирачници, водичи и сл.) и/или во електронска форма (ЦД записи, веб страни и сл.).

Универзитетот и единиците на Универзитетот, за остварување на целосна информираност, обезбедуваат соодветна хардверска и софтверска поддршка.

**Член 44**

Информативниот пакет се изработува на македонски и на англиски јазик.

Информативниот пакет може да биде изработен и на друг јазик, покрај јазиците од претходниот став на овој член.

### *Евиденција и издавање исправи и документи (педагошка документација)*

**Член 45**

Содржината и издавањето на јавните исправи: диплома, додаток на дипломата, индекс, студентска легитимација и уверение, ги утврдува министерот надлежен за работите на високото образование.

Содржината и издавањето на другите документи: договор за студирање, пријави, личен картон на студентот и сл. ги утврдува Универзитетот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 46**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот од 17.10.2008 година.

**Член 47**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Проф. д-р Сашо Коруновски**

**Ректор**

**ПРИЛОГ 1**: Начин на доделување кредити за една предметна програма за едносеместрален предмет

Еден кредит (поен) одговара на **25 часа работа**, што значи дека вкупната годишна оптовареност на студентите треба да изнесува **1500 часа** (60 ЕКТС годишно x 25 часа).

**<u>Пример</u> за определување ЕКТС кредити за предмет А**

*Предметот **А** во примерот има фонд на часови 3+2;*

*Вредноста на **1 ЕКТС** во примерот одговара на 25 часа работа;*

*Отовареноста од активностите како што се проектните задачи, самостојно учење, домашно учење и сл. зависи од природата на предметот и не значи дека треба да бидат исти со доделената оптовареност во примерот*

| **Активности** | **Оптовареност на студентот за предметот А** | **Часови / вредност на 1 ЕКТС** | **ЕКТС бодови** |
|---|---|---|---|
| Предавања | **13x3=39 часа**<br>(*13 недели во семестарот по 3 часа неделно)* | 39/25 | |
| Вежби | **13x2=26 часа**<br>(*13 недели во семестарот по 2 часа неделно)* | 26/25 | |
| Проектни задачи<br>Самостојни задачи<br>Индивидуално учење<br>Полагање колоквиуми (испит) | *26 часа*<br>*13 часа* **85 часа**<br>*42 часа*<br>*4 часа* | 26/25<br>13/25<br>42/25<br>4/25 | |
| **ВКУПНО** | **150 часа** | **150/25** | **6 ЕКТС** |

Кредитите од ЕКТС (во примерот 6 ЕКТС) се доделуваат за успешно реализирање **<u>на сите активности</u>** предвидени со предметната програма и истите **<u>не може да се доделуваат делумно</u>** за реализирање на поединечни активности (на пример освоени кредити само за предавања, само за вежби итн.).

**ПРИЛОГ 2**: Содржина на информативниот пакет

## ВОВЕД - ШТО Е ЕКТС

### I – Општи податоци за институцијата

- Име и адреса (адреса, телефон, факс, електронска пошта)
- Опис на институцијата (вклучувајќи го типот и статусот)
- Академски календар
- Одговорно лице за ЕКТС на институцијата
- Листа на програми кои се нудат
- Постапка за упис (вклучувајќи јазични предуслови и постапки за регистрација)
- Постапка за доделување и пренесување кредити, како и признавање на претходно учење (формално, неформално, информално)

### II – Практични информации

- Податоци за земјата – домаќин
- Како да се стигне до одредиштето
- Информации за Секторот за настава, наука и меѓународна соработка
- Трошоци за живот
- Можности за сместување и исхрана
- Здравство и осигурување (здравствени услуги, студенти со посебни потреби, осигурување
- Можности што ги нуди институцијата - домаќин
    - Библиотеки
    - Спортски и рекреативни објекти
    - Студентски здруженија
    - Курсеви по странски јазици

### III - Информации за студиската програма

- Раководител на студиската програма
- Тип на квалификација што се доделува
- Времетраење на програмата
- Број на кредити

- Ниво на квалификации според Националната рамка на квалификации и Европската квалификациска рамка
- Поле на студиската програма
- Посебни предуслови за прием (доколку постојат)
- Можности за признавање на претходното учење (формално, неформално и информално - доколку постојат)
- Правила за студирање
- Начин на студирање (редовно / вонредно / е-учење итн.)
- Правила за испитување и скала на оценување
- Прозорци за мобилност
- Практична работа
- Пристап до понатамошни студии

За заеднички програми, се препорачуваат дополнителни елементи:

- Информации за формата на дипломата и додаток за диплома (заеднички / двојни)
- Членови на конзорциумот и нивната улога
- Структура на мобилност на програмата

**IV - Информации за индивидуалните предмети/курсеви:**

- Код на предметот
- Наслов
- Тип (задолжителен / изборен)
- Циклус (краток / прв / втор / трет)
- Година на студирање
- Семестар
- Број на доделени ЕКТС кредити
- Име на предавачот (сите)
- Резултати од учењето
- Начин на испитување и критериуми
- Предуслови (доколку постојат)
- Содржина на предметот
- Препорачана литература
- Јазик на реализација на наставата